Врз основа на член 250, 253 и 256 став (1) точка 1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 153/19), и член 17 од Статутот на Лекарска комора на на Република Северна Македонија, Собранието на Лекарската Комора на Република Северна Македонија, на ден 17.12.2019 година, го донесе следниот

# С Т А Т У Т
# НА ЛЕКАРСКАТА КОМОРА
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# (Пречистен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Лекарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комора) е самостојна и професионална организација на сите докторите на медицина на територија на Република Северна Македонија.

### Член 2

(1) Со овој Статут се уредува:

1) името и седиштето на Комората;
2) целите и задачите на Комората;
3) правата и обврските на членовите на Комората;
4) органите на Комората, постапката, начинот на избор, состав и надлежности;
5) финансирање на Комората;
6) другите општи акти;
7) други работи значајни за лекарската дејност и професија.

### Член 3

(1) Комората има својство на правно лице со права, обврски и одговорности во согласност со Законот за здравствена заштита, други закони и овој Статут.

(2) Комората врши јавни овластувања во согласност со Законот за здравствена заштита.

(3) Комората дејствува на целата територија на Република Северна Македонија и ги застапува интересите на сите доктори на медицина кои се членови на Лекарската комора на Република Северна Македонија.

(4) Работата на Комората и нејзините органи е јавна.

### Член 4

(1) Во правниот промет со трети лица Комората истапува самостојно во свое име и за своја сметка со свои средства.

(2) Комората ја претставува и застапува во правниот промет Претседателот на Комората.

(3) Во случај на отсуство на Претседателот на Комората, во рамките на неговите овластувања, Комората во правниот промет ја застапува и претставува и заменик на Претседателот на Комората.

## 2. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА КОМОРАТА

### Член 5

(1) Називот на Комората е: ЛЕКАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

(2) Скратениот назив на Комората е: ЛКРСМ.

(3) Името на Комората на албански јазик е: Oda e mjekëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut, односно скратен назив: OMRMV

(4) Името на Комората на англиски јазик е: Doctor's Chamber of the Republic of North Macedonia.

(5) Седиштето на Комората е во Скопје на Бул.Партизански одреди број 3, Центар, Скопје.

(6) На објектот во кој е сместена Комората се истакнува натпис со името и знакот на Комората.

**Член 6**

(1) Комората има штембил и печат.

(2) Печатот на Комората има тркалезна форма, со пречник од 5см, на чија внатрешна страна полукружно е напишано: „ЛЕКАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје ODA E MJEKËVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT Shkup". Во средината на печатот се наоѓа знакот на Комората.

(3) Штембилот на Комората има правоаголна форма во која хоризонтално е испишано името на Комората на македонски и албански јазик и седиштето на Комората, потоа има линија со празен простор за впишување на број и датум на деловодниот протокол.

(4) Печати имаат и Одборите на Комората.

(5) Печатот на Одборот има тркалезна форма, со пречник од 4см, на чија внатрешна страна полукружно е напишано: „ЛЕКАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје" и името на Одборот. Во средината на печатот се наоѓа знакот на Комората.

(6) Во Одборите во кои членуваат најмалку 20% доктори на медицина, кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, печатот на одборот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од членовите и неговото писмо.

(7) Комората има знак (лого) чијашто форма, изглед и дизајн ја утврдува Собранието со посебна одлука.

(8) Службената интернет страна на Комората гласи: www.lkm.org.mk.

(9) Гласило на Комората излегува под називот: „VOX MEDICI", чија форма и содржина се уредува со подзаконски акт.

## 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

**Член 7**

(1) Целите на Комората се:

1) заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и правата на доктори на медицина;
2) подобрување на квалитетот на здравствената заштита и заштитата на интересите на лекарската професија;
3) следење на односот на доктори на медицина кон општеството и граѓаните;
4) штитење на правата и професионалните интереси на доктори на медицина кои се нејзини членови и грижа за достоинството, угледот, интегритетот и унапредувањето на севкупната лекарска струка и професија и нејзиното правилно и чесно вршење;
5) обезбедување на организиран настап на докторите на медицина пред државните органи, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и здравствените установи;

6) унапредувањето на севкупната лекарска струка и професија за нејзино правилно и чесно вршење;

7) давање предлози и сугестии за организирање на здравствена заштита на сите нивоа и пред институциите на системот, а сé во интерес на граѓаните и на докторите на медицина на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 8**

(1) Комората ги врши следните задачи:

1) се грижи, го следи и надгледува спроведувањето на правилата на медицинската етика и деонтологија и презема мерки во случај на нивно прекршување;

2) се грижи за одбрана на честа и независноста на лекарската професија;

3) издава, продолжува, одзема и обновува лиценци на доктори на медицина и води регистар на издадени, продолжени, одземени и обновени лиценци за работа;

4) ја утврдува висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа;

5) врши надзор над стручната работа на здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност и на здравствените работници и соработници;

6) донесува Кодекс на медицинска етика и деонтологија;

7) донесува општи акти за кои е овластена со Законот за здравствена заштита и други закони;

8) го организира и спроведува стручниот испит на докторите на медицина, ја утврдува програмата за дополнителна обука и ги организира и спроведува проверките на стручните знаења и способности на докторите на медицина;

9) го координира и акредитира континуираното стручно усовршување и унапредување на стручноста на своите членови поради нивен континуиран професионален развој;

10) покренува и дава иницијативи за донесување и изградување на мислења и дава предлози по однос на закони, прописи, стратегии и други мерки од областа на здравствената заштита;

11) учествува во процесот на договарање со Фондот за здравствено осигурување за утврдување на вредноста на трудот на докторите на медицина;

12) соработува со надлежни органи и институции при утврдувањето на стручни ставови во вршењето на докторската дејност;

13) иницира и презема постапки во случај на неовластено и противзаконско вршење на докторска дејност;

14) соработува со другите комори, институции, релевантни лекарски друштва и здруженија и други здруженија и асоцијации за работи од заеднички интерес, на територијата на Република Северна Македонија и надвор од неа;

15) врз основа на актуелната состојба на регистрирани доктори на медицина, нивното работно место и години стаж, врши проектирање (мапирање) за бројот на активните доктори на медицина во сите области од здравствена дејност по региони;

16) дава мислење и предлог до Министерството за образование и до медицинските факултети за бројот на запишани студенти по медицина и по однос на уписната политика;

17) предлага и дава мислења по однос на бројот и видовите на специјализациите на доктори на медицина;

18) дава предлози и мислење до Министерството за здравство за мрежата на здравствени установи каде се врши докторска дејност;

19) издава периодично информативно-стручно списание;

20) соработува со државните органи поради остварување на целите и задачите на Комората;

21) врши и други задачи согласно законите, прописите, Кодексот на медицинската етика и деонтологија и овој Статут.

## 4. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА

**Член 9**

(1) Членувањето во Комората е обврска и чест за сите лекари на Република Северна Македонија.

(2) Членувањето во Комората е право и должност на сите доктори на медицина кои вршат лекарска дејност, вклучително и странски државјани.

(3) Во остварувањето на целите и задачите на Комората, членовите на Комората ги остваруваат своите права, обврски и одговорности на начин утврден со закон и со овој Статут.

(4) Во остварувањето на правата и обврските сите членови на Комората се рамноправни.

**Член 10**

(1) Во Комората може да членува доктор на медицина кој вршел докторска дејност на територијата на Република Северна Македонија, невработен и доктор на медицина кој е вработен надвор од здравствениот систем и доктор на медицина - странски државјанин кој престојува и привремено врши здравствена дејност во Република Северна Македонија и има лиценца издадена од Комората.

(2) Во Комората почесно може да членуваат научник, професор или друг граѓанин вклучувајќи и странски државјанин кои имаат дадено голем придонес во развојот на едукативна дејност, во апликативна дејност или во научната работа на полето на медицината, или кој особено се истакнал во своето професионално искуство или пак на друг начин го има дадено својот придонес во работата на Комората.

(3) Почесните членови на Комората ги избира Собранието на Комората на предлог на Извршниот одбор.

**Член 11**

(1) Членовите на Комората ги имаат следните права и обврски:

1) правото да ги бираат органите и телата на Комората и правото да бидат избрани;
2) правото на советодавно-правна помош за прашања од струковна и професионална природа;
3) право на стручно-медицински совети и поддршка;
4) правото да ги користат бенефициите што ги договорила Комората со други правни и физички лица;
5) право на парична помош на член на Комората во согласност со актите на Комората;
6) право на бесплатен примерок на гласилото на Комората;
7) обврска за почитување и придржување кон сите прописи донесени од органите на Комората, особено кон Кодексот за медицинска етика и деонтологија и овој Статут;
8) обврска за почитување на актите донесени од органите на Комората;
9) обрска да ја известат Комората за сите промени во вработувањето, образованието, професионалниот, научниот и образовниот напредок, како и промените на личните податоци во согласност со актите на Комората;
10) обврска за обезбедување на информации потребни за правилно спроведување на активностите на Комората;
11) обврска да соработуваат и учествуваат во стручен надзор во согласност со актите на Комората;
12) обврска редовно да ја плаќаат членарини и сите други финансиски обврски што произлегуваат од членството во Комората;
13) други обврски што произлегуваат од овој статут и актите на Комората.

**Член 12**

(1) Членството во Комората престанува во случај на:

1) трајно одземање на лиценцата;
2) времено одземање на лиценцата;
3) барање на член на Комората;
4) смрт на членот на Комората.

(2) Со престанок на членувањето, на членот му престануваат и сите права, должности и активности во Комората.

## 5. ОРГАНИ НА КОМОРАТА, ПОСТАПКА, ИЗБОР, СОСТАВ И НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 13**

(1) Органи на Комората се:

1) Собрание;
2) Извршен одбор;
3) Надзорен одбор;
4) Претседател на Комората;
5) Заменик Претседател на Комората;
6) Потпретседателите на Комората;
7) Судот на честа;
8) Обвинител на Комората и
9) Замениците на Обвинителот на Комората.

(2) Органите на Комората во рамките на својот делокруг на работа донесуваат правилници, одлуки, решенија, заклучоци, декларации, препораки, предлози, заземаат ставови и мислења во согласност со законите, Статутот и другите акти на Комората.

**Член 14**

(1) Постапката за избор, односно именување и начинот на разрешување, односно отповикување на членовите на органите на Комората, како и престанувањето на нивниот мандат се уредени со Закон, овој Статут и акти на Комората.

(2) При изборот на членови на органите на Комората треба да се имаат предвид личните квалитети на поединецот, соодветната застапеност на сите професионални профили, регионалната, половата и етничката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Северна Македонија.

(3) Доколку член на Комората биде избран во органите на Комората, кој истовремено е претседател на организирана форма на здружување од областа на здравството, функцијата претседател во тоа здружение му престанува со изборот во органите на Комората.

**Член 15**

(1) Мандатот на делегатите на Собранието трае 4 (четири) години, со можност за повторен избор и почнува да тече од конститутивната седница на Собранието,

(2) Мандатот на органите на Комората трае 4 (четири) години, со можност за повторен избор, освен за членовите на Извршниот и Надзорниот одбор кои се избираат за период од најмногу 4 (четири) години и кои може да бидат повторно избрани најмногу уште еднаш, и почнува да тече од конститутивната седница на Собранието.

3) Мандатот на членовите во органите на Комората престанува:

1) со истекот на мандатот;
2) со поднесување на оставка;
3) со престанување на членството во општинскиот Одбор од кое е делегиран;
4) со отповикување од страна на општинскиот Одбор од каде е делегиран;

5) ако биде отповикан според условите утврдени во член 12 од овој Статут;
6) ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење подолго од 6 (шест) месеци при вршење на професионалната дејност;
7) ако од Судот на честа му биде изречена мерка согласно член 34 став (2) точка 4 од овој Статут и
8) во други случаи предвидени со закон и овој Статут.

## 5.1. Собрание на Комората

### Член 16

(1) Собранието на Комората (во натамошниот текст: Собрание) е највисок орган на управување и одлучување на Комората.

(2) Собранието го избираат членовите на Комората на непосредни, слободни и тајни избори.

(3) Собранието го сочинуваат делегати (претставници) на членовите на Комората по принцип од секој Одбор на Комората се избира по еден член во Собранието, кој е претседател на општинскиот Одбор. Во Одборите во кои има над 150 (стопеесет) членови, се избира втор делегат, а во Одбори во кои има над 250 (двестапеесет) членови, се избира трет делегат во Собранието на Комората, при што се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои бројат 20% од вкупниот број на населението на РСМ.

(4) Собранието е составено од најмногу 79 (седумдесет и девет) делегати, не вклучувајќи ги Претседателот на Комората, неговиот заменик и тројцата Потпретседатели, кои се делегати по функција, со право на глас.

(5) Делегатите на Собранието се избираат од редот на членовите на Комората организирани во Одбори на Комората, со тајно гласање.

(6) Изборите за делегати во Собранието ги распишува Претседателот на Комората најдоцна 60 (шеесет) дена пред истекот на мандатот на Собранието.

(7) Изборите ги подготвува и спроведува Централната изборна комисија на Лекарската Комора на Република Северна Македонија.

### Член 17

(1) Собранието ги врши следните работи:
1) донесува Статут на Комората и врши измени и дополнувања на истиот;
2) донесува и усвојува годишна програма за работа на Комората, финансиски план и извештаи за нивно спроведување;
3) одлучува за висината на членарината;
4) одлучува за именување и разрешување на органите на Комората;
5) избира и разрешува претседател на Собранието и Потпретседатели на Собранието;
6) избира и разрешува бранители;
7) формира постојани комисии и избира и ги разрешува нивни претседатели и членови на предлог на Претседателот на Комората;
8) донесува Деловник за работа на Собранието;
9) донесува Кодекс на медицинска етика и деонтологија;
10) донесува Правилник за избори и отповикување на членови на органите на Комората;
11) ја усвојува завршната сметка со финансиски извештај;
12) разгледува и донесува одлуки, заклучоци, декларации, препораки, утврдува ставови и дава мислење во врска со прашањата значајни за работата на Комората;
13) одобрува правни акти и правни дела на Претседателот на Комората и правни акти на Извршниот одбор, чија вредност надминува 10.001,00 евра (десет илјади и едно евра) во денарска противвредност;

14) одлучува за предвремено распуштање на Собранието;

15) одлучува за продолжување на мандатот на членовите на органите на Комората за уште 6 (шест) месеци во случај на вонредна состојба и

16) врши други работи утврдени со закони и со други акти на Комората.

**Член 18**

(1) Собранието на Комората работи на седници.

(2) Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број делегати.

(3) Собранието одлучува полноважно со мнозинството на гласови од присутниот број делегати, а притоа ако гласале 1/3 од вкупниот број делегати на Собранието.

(4) Одлучувањето во Собранието се врши со јавно гласање, освен ако Собранието не одлучи тоа да биде тајно.

**Член 19**

(1) Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи Претседател на Собранието.

(2) Претседател на Собранието се избира на конститутивно–изборна седница на Собранието од редот на избраните делегати на Собранието, на предлог на најмалку 1/3 (една третина) делегати на Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со јавно гласање.

(3) Претседателот на Собранието може да биде разрешен на предлог на најмалку 1/3 (една третина) делегати на Собранието, или најмалку 3 (три) Одбори на Комората, со јавно гласање.

(4) Претседателот на Собранието може да биде отповикан со 2/3 (двотретинско) мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со јавно гласање.

(5) Собранието на првата, конститутивно–изборна седница избира двајца потпретседатели на Собранието од редот на избраните делегати во Собранието, на предлог на Претседателот на Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со јавно гласање.

(6) Потпретседателот на Собранието може да биде разрешен на предлог на Претседателот на Собранието или на предлог од најмалку 1/3 (една третина) делегати на Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со јавно гласање.

(7) Претседателот на Собранието одредува кој од двајцата потпретседатели ќе го замени во случај на негова спреченост, кој да ја свика и раководи со седницата на Собранието, во спротивно со седницата раководи најстариот делегат на Собранието.

(8) Седниците на Собранието се изборно-конститутивни, редовни и вонредни.

(9) Начинот на свикување на седниците и начинот на работењето на Собранието поблиску се регулира со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 20**

(1) Претседателот на Собранието:

1) ги свикува и раководи со седниците на Собранието;
2) учествува во подготовката на материјалите за седницата;
3) се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците од собранието;
4) учествува во работата на Извршниот одбор;
5) соработува со претседателите на собраниските комисии и тела;
6) врши други работи согласно со законот, Статуот и другите акти на Комората.

**Член 21**

(1) На седниците на Собранието по покана од Претседателот на Собранието, може да учествуваат и други лица со право да учествуваат во дискусијата но без право на глас.

**Член 22**

(1) Собранието на Комората има Деловник за работа, со кој поблиску се уредуваат начинот на свикување на седниците на Собранието, работата, гласањето, одлучувањето, водење на записник на седниците на Собранието и други прашања од интерес на Собранието.

## 5.2. Извршен одбор на Комората

**Член 23**

(1) Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието и ги врши следните работи:

1) предлага на Собранието донесување на програма за работа на Комората и финансиски план на Комората;
2) разгледува и донесува предлози на материјалите за седниците на Собранието на Комората;
3) ја спроведува програмата за работа и финансискиот план и другите одлуки на Собранието и поднесува извештај за својата работа до Собранието;
4) разгледува предлози на членовите за дејствување на Комората;
5) формира повремени работни тела (комисии, работни групи и слично) и избира и разрешува нивни претседатели и членови, расправа за нивните предлог-план активности и извештаи;
6) донесува годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници;
7) одобрува правни акти и правни дела на Претседателот на Комората чија вредност надминува 3.001,00 евро (три илјади и едно евро), но не надминува 10.000,00 евра (десет илјади евра) во денарска противвредност;
8) поднесува финансиски извештај и завршна сметка до Собранието;
9) одлучува за висината на надоместоците за услугите што ги врши Комората;
10) одлучува за висината на надоместоците за услугите кои ги вршат лицата кои не се вработени во Комората и за висината на платите на вработените по претходен предлог од Претседателот на Комората;
11) на предлог од Претседателот на Комората избира главен и одговорен уредник и редакциски одбор на информаторот на Комората,
12) донесува Деловник за работа;
13) донесува одлуки како второстепен орган, освен за работите што се во надлежност на Собранието на Комората и Судот на честа;
14) врши надзор над работата на стручната служба, решава за засновување и престанување на работниот однос на работниците во стручната служба и решава по приговори и решенија од работниот однос донесени во прв степен;
15) доставува предлог до Собранието за измени и дополнувања на Статутот;
16) врши други работи од неговиот делокруг утврдени со Статут или со други акти на Комората.

**Член 24**

(1) Извршниот одбор е извршен орган на Комората и работи согласно законот, Статутот и други акти на Комората.

(2) Извршниот Одбор брои 15 (петнаесет) члена од кои 9 (девет) члена ги избира Собранието од редот на делегатите на Собранието, на предлог на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието.

(3) Претседателот на Комората, заменик Претседателот на Комората, Претседателот на Собранието и тројцата потпретседатели на Комората, по функција се членови на Извршниот Одбор, со право на глас.

(4) Член на Извршниот Одбор може да биде разрешен на барање на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието, со јавно гласање.

**Член 25**

(1) Извршниот одбор работи на седници.

(2) Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Комората.

(3) Претседателот на Комората е должен да свика седница и по барање на една половина од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

(4) Начинот на работата на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

### 5.3. Надзорен одбор

**Член 26**

(1) Надзорниот одбор е независен орган на Комората кој врши надзор над:

1) користењето на средствата на Комората, материјалното и финансиското работење на Комората и на Солидарниот фонд;
2) остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на Комората;
3) благајничкото работење на Комората;
4) книгите и актите кои се однесуваат на материјалната добивка, на имотот на Комората;
5) користењето на средствата за работа на стручната служба на Комората;
6) врши и други работи определени со овој Статут или што ќе му ги довери Собранието или Извршниот одбор на Комората.

**Член 27**

(1) Надзорниот одбор има 5 (пет) члена кои се избираат од членовите на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието на Комората.

(2) Член на Надзорен одбор може да биде разрешен на предлог од најмалку 1/3 (една третина) делегати на Собранието или на предлог на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со јавно гласање.

(3) Надзорниот одбор е одговорен за својата работа пред Собранието и му поднесува извештај по потреба, а најмалку еднаш годишно.

(4) Начинот на работата на Надзорниот одбор се утврдува со Деловник за работа.

### 5.4. Претседател, Заменик Претседател и Потпретседатели на Комората

**Член 28**

(1) Претседателот на Комората ги врши следниве работи:

1) ја претставува и застапува Комората и раководи со нејзината работа согласно овој Статут и законите;
2) ги потпишува сите одлуки и акти на Комората;
3) ги потпишува сите документи од материјално и финансиско работење на Комората заедно со Заменикот на Претседател на Комората;
4) ги свикува и раководи со седниците на Извршниот одбор и се грижи за спроведување и извршување на одлуките донесени од Извршниот одбор и од Собранието;
5) поднесува писмен извештај пред Собранието, за својата работа и за работата на органите и телата на Комората;

6) се грижи за остварување на соработка со другите комори, здруженија, институции, органи и организации од областа на здравството;

7) донесува правни акти и склучува правни дела, чија вредност не надминува 3.000,00 (три илјади) евра денарска противвредност и останати правни дела и правни акти чија вредност надминува 3.000,00 (три илјади) евра во денарска противвредност согласно одредбите на член 16 став (1) точка 13) и член 23 став (1) точка 8);

8) му предлага на Собранието избор и разрешување на членови на Извршниот одбор;

9) му предлага на Собранието избор и разрешување на Претседател на Судот на честа, членови на Судот на честа, Обвинител на Комората, негови заменици и бранители на Комората;

10) му предлага на Собранието избор и разрешување на Претседатели на постојаните комисии и членови на постојаните комисии;

11) именува и разрешува Секретар на Комората;

12) му предлага на Собранието тројца Потпретседатели на Комората, запазувајќи го принципот на присуство на трите сегменти за примарно, секундарно и терциерно ниво;

13) му предлага на Извршниот одбор кандидати за избор и разрешување на главен и одговорен уредник и уредувачки одбор на информаторот на Комората;

14) ја организира и управува со работата на стручната служба на Комората и

15) врши и други работи утврдени со овој Статутот или со други акти на Комората.

(2) Претседателот на Комората има право да за определен акт за кој смета дека Собранието или Извршниот Одбор го донеле спротивно на Уставот на Р.С.Македонија, законите или овој Статут, без разлика со какво мнозинство е донесен, истиот да го стопира од стапување на сила и да достави свое издвоено писмено мислење.

(3) Доколку Извршниот Одбор на наредна седница повторно го донесе актот од став (2) на овој член, Претседателот на Комората има право да бара за истиот да се произнесе Собранието на Комората.

(4) Собранието на првата наредна седница повторно го разгледува актот од став (2) и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број делегати, Претседателот на Комората ќе го потпише актот но има право да превземе законски мерки за понатамошно преиспитување на актот.

(5) Доколку Собранието не го потврди актот од став (3) на овој член, се смета како актот да не бил донесен.

**Член 29**

(1) Претседателот на Комората го избира Собранието на Комората од редот на членовите на Комората.

(2) За Претседател на Комората може да се избере само лице кое е здравствен работник вработен во здравствена установа.

(3) Овластени предлагачи на кандидат за Претседател на Комората може да бидат:

1) најмалку 3 (три) одбори и

2)најмалку 1/3 (една третина) делегати на новиот собраниски состав после верификација на нивните мандати.

**Член 30**

(1) Предложениот кандидат за Претседател предлага Заменик на Претседателот на Комората од редот на членовите на Комората.

(2) При предлагање на Заменик на Претседателот на Комората се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во РСМ кои бројат 20% од население на РСМ, освен во случај кога Претседателот е припадник на заедниците кои бројат 20% од населението на РСМ.

(3) Претседателот и Заменик на Претседателот на Комората се избираат заедно со тајно гласање, освен во случај да Собранието одлучи гласањето да биде јавно, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието.

**Член 31**

(1) Заменик на Претседателот на Комората го заменува Претседателот на Комората за време на негово отсуство.

(2) Претседателот, одредени права, надлежности и одговорности пренесува на Заменикот на Претседателот и бара одговорност за извршување на правата и обврските.

(3) Заменикот на Претседателот ги потпишува сите одлуки и акти од материјално и финансиско работење на Комората заедно со Претседателот на Комората.

(4) Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот и на Заменикот на Претседателот, Претседателот го заменува еден од тројцата Потпретседатели, овластен од Претседателот на Комората.

**Член 32**

(1) Предлог за разрешување на Претседателот и Заменик на Претседателот на Комората, до Собранието, може да поднесат најмалку 1/3 (една третина) делегати на Собранието или најмалку 3 (три) Одбори на Комората.

(2) Претседателот и Заменикот на Претседателот на Комората може да бидат отповикани со 2/3 (двотретинско) мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со тајно гласање.

(7) Постапката за избор и разрешување на Претседател и Заменик на Претседателот на Комората подетално се разработува со посебен акт и со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 33**

(1) Комората има тројца Потпретседатели.

(2) Потпретседателите на Комората ги избира Собранието од редот на избраните делегати во Собранието на предлог на Претседателот на Комората, со јавно гласање.

(3) Потпретседателите на Комората можат да бидат разрешени на предлог на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, со јавно гласање.

## 5.5. Суд на честа на Комората

**Член 34**

(1) Судот на честа е независен орган на Комората кој на барање од Обвинителот на Комората, согласно овој Статут и актите на Комората, расправа и одлучува за одговорноста на членовите на Комората за сторена повреда од етичка, деонтолошка и професионална гледна точка, за повредите на Статутот и Кодексот на медицинската етика и деонтологија и непочитување на одлуките и актите на Комората.

(2) За сторените повреди од став (1) на овој член, Судот на честа ги изрекува следните мерки кои се евидентираат во досието на сторителот на повредата:

1) опомена;
2) јавна опомена;
3) парична казна;
4) забрана за учество во работата на органите на Комората;
5) времено или трајно одземање на лиценца.

(3) Судот на честа води евиденција за изречените мерки за повредите на законот, Статутот и Кодексот на медицинската деонтологија.

**Член 35**

(1) Судот на честа го сочинуваат Претседател на судот на честа и најмалку 16 (шеснаесет) члена.

(2) Членовите на Судот на честа ги избира Собранието на предлог на Претседателот на Комората, од редот на членовите на Комората кои имаат работно искуство од најмалку 5 (пет) години специјалистички стаж и кои имаат углед во средината во која работат и живеат.

(3) Во работата на Судот на честа, по предлог на Претседателот на судот на честа, може да учествуваат и истакнати правници со богата судска практика, без право на одлучување.

**Член 36**

(1) Судот на честа суди во совети во прв и втор степен.

(2) Првостепен совет е составен од 3 (три) члена и негови заменици, а Второстепен совет е составен од 5 (пет) члена и негови заменици.

(3) Претседателот на Судот на честа претседава со Првостепениот и Второстепениот совет, без право да одлучува.

(4) Второстепениот совет одлучува по повод жалба на одлуката од Првостепениот совет и неговите одлуки се конечни.

(5) Судот на честа е одговорен за својата работа пред Собранието и му поднесува годишен извештај за својата работа.

### 5.6. Обвинител и заменици обвинители на Комората

**Член 37**

(1) Комората има еден Обвинител и двајца заменици обвинители на Комората.

(2) Обвинителот на Комората и неговите заменици ги избира Собранието од редот на членовите на Комората кои имаат работно искуство од најмалку 5 (пет) години специјалистички стаж и кои имаат углед во средината во која работат и живеат.

**Член 38**

(1) Обвинителот на Комората и неговите заменици се органи на Комората кои имаат право и должност да поведуваат постапка против член на Комората, за кој постои основано сомневање дека го повредил Законот, Статутот или Кодексот на медицинската деонтологија.

(2) Обвинителот на Комората и неговите заменици го поднесуваат и застапуваат обвинението и се самостојни и независни во својата работа.

### 5.7. Бранители на Комората

**Член 39**

(1) Собранието на предлог на Претседателот на Комората избира 10 (десет) бранители на Комората од редовите на членовите на Комората.

(2) Бранители на Комората ги бранат интересите на тужениот член на Комората во постапка пред Судот на честа.

(3) Интересите на тужениот доктор на медицина пред Судот на честа, во кој било степен, може да ги брани и самиот обвинет, еден или повеќе од бранителите на Комората или адвокат ангажиран од тужениот.

**Член 40**

(1) Предлог за разрешување на Претседател и член на Судот на честа, Обвинител на Комората и негови заменици и на бранител на Комората, до Собранието, може да поднесе

Претседателот на Комората или најмалку 1/3 (една третина) од вкупниот број делегати во Собранието.

(2) Организацијата и другите прашања во врска со работата на Обвинителот на Комората, неговите заменици и бранителите на Комората, се уредуваат со акт донесен од Собранието.

## 6. ОДБОРИ НА КОМОРАТА

### Член 41

(1) Членовите на Комората се организирани во Одбори на Комората.

(2) Одбори на Комората се формираат на подрачјето на општините во кои има најмалку 10 (десет) членови на Комората, а во општините во кои има повеќе од 350 (тристапеесет) члена се формира нов одбор.

(3) Доколку бројот на членовите во општинскиот Одбор се намали под минимумот определен во став (2) на овој член, истиот се припојува кон територијално најблискиот општински Одбор.

(4) Скопје се организира во 5 (пет) територијални единици и тоа: Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир, кои формираат Одбори на Комората по принципот на секои 350 (тристапеесет) члена нов одбор.

(5) Со посебен акт донесен од Извршниот одбор на Комората, поблиску се утврдува организационата и структурна поставеност на Одборите на Комората.

### Член 42

(1) Одборите на Комората се одговорни за спроведување на актите, одлуките, ставовите и заклучоците на органите на Комората за своето подрачје и ги имаат следните задачи:

1) негуваат добри односи меѓу членовите на Комората, и ги разрешуваат споровите меѓу нив;

2) доставуваат барање до Комисија за етички и правни прашања, за посредување во решавање на спорови меѓу лекарите кои не можеле да бидат решени во одборот;

3) поднесуваат пријава за поведување дисциплинска постапка до Обвинителот на Комората;

4) примаат и разгледуваат иницијативи, предлози и барање на лекарите од своето подрачје и ги доставуваат до органите на Комората;

5) водат евиденција на членовите на Комората од своето подрачје и ја информираат Комората;

6) ги информираат соите членови за активностите на Комората;

7) доставуваат барања за добивање средства од Солидарниот Фонд на членовите на Комората од своето подрачје до Комисијата за економско-социјални прашања;

8) спроведуваат изборни активности и избори за членови во органите на Комората согласно актите на Комората;

9) вршат и други работи определени со Статутот и други акти на Комората.

### Член 43

(1) Одборите на Комората имаат свое работно тело составено од:

1) претседател и

2) 4 (четири) члена.

(2) Изборот на кандидатите за работното тело на Одборот се врши на Собир на лекари, на предлот на членовите од подрачјето на Одборот, со мнозинство гласови од присутните членови на Собирот на лекарите.

(3) При изборот на членовите на Одборите на Комората задолжително се води сметка да се запази принципот на присуство на докторите од сите сегменти на здравствена заштита во одборот.

**Член 44**

(1) На Собирот на лекари од подрачјето на Одборот се бираат делегати во Собранието на Комората.

(2) Секој Одбор на Комората може да има најмалку 1 (еден), а најмногу 3 (тројца) делегати (претставници) во Собранието на Комората.

(3) Претседателот на работното тело на Одборот по функција е делегат во Собранието.

(4) Во Одборите во кои има над 150 (стопеесет) членови, се избира втор делегат, а во Одбори во кои има над 250 (двестапеесет) членови, се избира трет делегат во Собранието на Комората, при што се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои бројат 20% од вкупниот број на населението на РСМ.

**Член 45**

(1) Одборите се финансираат со дел од членарината на Комората, определен со одлука на Собранието.

(2) За своите потреби Одборите можат да обезбедуваат средства и од други извори.

## 7. КОМИСИИ НА КОМОРАТА

**Член 46**

(1) Комората има постојани и повремени комисии, како помошни работни тела на Комората, составени од членови и Претседател на комисијата.

(2) Членовите и Претседателот на постојаните комисии ги избира Собранието на предлог на Претседателот на Комората од редот на членовите на Комората, со мандат од 4 (четири) години со можност за повторен избор за само уште еден мандат.

(3) Постојаните комисии може да формираат свои работни групи.

(4) Повремените комисии ги формира Извршниот одбор, заради извршување на одделни задачи на Комората, кои по исполнувањето на истите престануваат да постојат.

(5) Комисиите за прашања од својата работа заземаат ставови и мислења, даваат предлози и препораки и донесуваат заклучоци.

**Член 47**

(1) Кандидат за Претседател и член на комисија може да биде секој член на Комората.

(2) Претседател и член на една комисија не може да биде Претседател и член во друга комисија.

(3) Составот, надлежностите и начинот на работата на постојаните комисии се регулираат со посебен Правилник кој го носи Извршниот одбор на Комората.

(4) Комисиите за својата работа се одговорни пред Претседателот на Комората, заменикот на претседателот на Комората, Извршниот одбор и Собранието.

**Член 48**

(1) Комората ги има следните постојани Комисии:

1) Комисија за стручно-медицински прашања;
2) Комисија за етички и правни прашања;
3) Комисија за економски и социјални прашања;
4) Централна изборна комисија на Комората;

5) Комисија за доделување награди за постигнување во областа на здравството "Св. Наум Охридски";
6) Комисија за следење на промените во здравствениот систем;
7) Комисија за информативно-пропагандна и издавачка дејност;
8) Комисија за стручен надзор;
9) Комисија за спортски активности;
10) Комисија за прашања на специјализанти и млади доктори.
11) Комисија за приватно здравство
12) Комисија за рурален развој

**Член 49**

(1) Комисија за стручно-медицински прашања е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е да се грижа за унапредување на стручноста на членовите на Комората; предлага и планирање стручни предавања заради подобрување на квалитетот на здравствената заштита; поттикнува и следи континуирана едукација во соработка со надлежните државни институции, органи и здруженија во земјата и странство; за одредени стручни прашања утврдува стручни ставови и ги усогласува со надлежните институции и органи; предлага и планира стручна работа на докторите на медицина со советување и предлагање мерки за констатираните отстапувања од вообичаените стандарди на квалитет на здравствените услуги; учествува во подговтувањето на здравственото законодавство и планирањето на здравствената дејност и лекарскиот кадар; врши и други работи во врска со медицинско-стручните прашања во рамките на задачите на Комората.

(2) Комисија за етички и правни прашања е составена од 7 (седум) члена, од кои еден е претседател, чија цел е да се грижа за етичките должности и правата на лекарите при вршењето на медицинската практика; расправа, зазема ставови и предлага мерки во врска со етичките прашања согласно Кодексот на медицинската деонтологија; се грижи за зачувување на угледот и достоинството на лекарската професија, придржување кон моралните принципи, чесноста и неопходната преданост кон медицинската професија и дисциплина во извршувањето на лекарската професија; се грижи за чување на лекарската тајна како и негување на колегијалните односи; покренува постапка за прекршување на одредбите на Кодексот на медицинската деонтологија; следи и дава предлози за усогласување на одредбите на Кодексот со етичките норми на Светската здравствена организација и други меѓународни организации; соработува при разгледувањето на споровите меѓу лекарите од етичка природа; го одобрува уписот на лекарите во регистарот на лекарите, предлага лиценца за работа на членовите на Комората по барање на докторот и укажува правна помош во случај на прекршок на одредите на Законот, Статутот и Кодексот; донесува решение за бришење од регистарот на лекарите во случаите од член (12) од овој Статут; врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората.

(3) Комисија за економски и социјални прашања е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е изготвување на нормативи за вреднувањето на трудот на лекарите и утврдување на цените на здравствените услуги; го води Солидарниот фонд; предлага износ на уписнина и на членарина и други извори на финансирање на Комората; утврдува предлог-одлуки за финансиско работење на Комората; го следи социјалниот статус на лекарите и предлага мерки за негово подобрување; врши и други работи во врска со економско-социјални прашања.

(4) Централната изборна комисија е составена од 5 (пет) члена и тоа: претседател, секретар и три члена чиј цел е да се грижи за спроведување на подготовките на изборот и отповикувањето на членови во одборите, Собранието и претседател на Комората, дава упатства на општинските комисии за прашања во врска со спроведувањето на изборите и отповикувањето, пропишува обрасци за спроведување за изборот и отповикувањето, дава

објаснувања за примена на одредбите на Правилникот за спроведување на изборите, го определува начинот на ракувањето и чувањето на изборниот материјал, ги сумира резултатите од изборите врз основа на извештаите на општинските изборни комисии и за резултатите на гласањето за избор на членови во одборите и Собранието на Комората.

(5) Комисија за доделување награди за постигнување во областа на здравството "Св. Наум Охридски" е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е распишување конкурс за доделување на наградата „Св.Наум Охридски“; разгледување на пристигнатите предлози од општинските Одбори на Комората; носи одлука за доделување на наградата како и заблагодарници на физички лица кои соработуваат со Комората и придонесуваат за афирмирање и успешно остварување на функциите на Комората и слично.

(6) Комисија за следење на промените во здравствениот систем е составена од 9 (девет) члена и тоа: по тројца членови од примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита, од кои еден е претседател, чија цел е да ја следи и да учествува во креирањето на законската регулатива во областа на здравството; се грижи за унапредување на стручноста на докторите, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, за подобрување на статусот на докторите; врши и други работи определени со Статутот и другите акти на комората. По потреба  формира поткомисии и тоа од: примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита.

(7) Комисија за информативно-пропагандна и издавачка дејност е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е координација, следење и реализирање на издавањето на гласилото на Комората „VOX MEDICI“ и другите публикации, преку соработка со главниот уредник на информативното гласило; следење и грижа за навремено информирање на членовите на Комората и јавноста за активностите на Комората, нејзините органи и тела.

(8) Комисија за стручен надзор е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е да го организира и спроведе надзорот над стручната работа на здравствените установи, другите установи кои вршат здравствена дејност и на здравствените работници и соработници; врши контрола и оценка на стручната работа, спроведувањето на стручните упатства, како и проценка на условите и начинот на укажување на зравствената заштита; врши и други работи во сопсгасност со Статутот и другите акти на Комората.

(9) Комисија за спортски активности е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е да го промовира спортот и рекреацијата и здравиот начин на живеење на членовите на Комората преку организирање и дружење во спортски клуб во чии рамки се формираат секции за тенис, пинг-понг, фудбал, кошарка, стрелаштво, шах, скијање и други спортови, со цел поквалитетна физичка активност и интелектуална работа.

10) Комисија за прашања на специјализанти и млади доктори е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е следење на актуелните сосотојби, третирање на проблемите со кои се соочуваат младите доктори и специјализантите со цел подобрување на нивниот статус во средината во која ја извршуваат здравствената дејност.

11) Комисија за приватно здравство е составене од 5(пет) члена , од кои еден е претседател, чија цел е да се грижи за еднаков третман на лекарите во приватното и јавното здравство, учествува во утврдувањето на цените на здравствените услуги и во утврдувањето на условите во договорите што се склучуваат меѓу Фондот за здравственото осигурување и лекарите, предлага услови за подобрување на квалитетот на здравствената заштита во приватниот сектор, врши и други работи во согласност со Статутот и другите акти на Комората.

12) Комисија за рурален развој е составена од 5 (пет) члена, од кои еден е претседател, чија цел е да се грижи за подобрување на условите и квалитетот на

здравствената заштита во руралните места, учествува во утврдувањето на условите во договорите што се склучуваат меѓу Фондот за здравственото осигурување и лекарите, врши и други работи во согласност со Статутот и другите акти на Комората.

13) Делокругот на работа на комисиите се уредува со Деловникот за работа на Комисиите.“

## 8. АКТИ НА КОМОРАТА

**Член 50**

(1) Акти на Комората се:

1) Статут на Комората;
2) Кодекс на медицинска етика и деонтологија;
3) Правилник за избори и отповикување на членови на Одборите на Комората, делегати на Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората;
4) Деловник за работа на Собранието;
5) Деловник за работа на Извршниот одбор;
6) Деловник за работата на Надзорниот одбор;
7) Правилник за работа на Судот на честа, Обвинител и Бранители на Комората;
8) Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на доктори на медицина;
9) Правилник за поблиските критериумите што треба Правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи и докторите под чиј надзор се спроведува пробната работа;
10) Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стекнати знаења и вештини и образецот на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на медицината;
11) Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината;
12) Правилник за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците;
13) Правилник за облиците и критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачи на КСУ и бодовите стекнати со КСУ во периодот на важење на лиценцата;
14) Правилник за вршење стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници;
15) Правилник за финансиско работење, организација и начинот на водењето на сметководството и на други материјално - финансиски прашања на Комората;
16) Правилник за организација и систематизација на работните места и опис на работните задачи на вработените во Комората;
17) Правилник за доделување награда Св.Наум Охридски;
18) Правилник за формата и содржината на гласилото „VOX MEDICI“;
19) Деловник за работа на Комисијата за стручно-медицински прашања;
20) Деловник за работата на Комисијата за етички и правни прашања;
21) Деловник за работа на Комисијата за економски и социјални прашања;
22) Деловник за работа на Комисијата за следење на промените во здравствениот систем;
23) Деловник за работа на Централната изборна комисија на Комората;
24) Деловник за работа на Комисијата за информативно-пропагандна и издавачка дејност;
25) Деловник за работа на Комисијата за стручен надзор;

26) Деловник за работа на Комисијата за спортски активности;
27) Деловник за работа на Комисијата за прашања на специјализанти и млади доктори.
28) други акти што ги донесуваат Собранието и органите на Комората.
(2) Актите на Комората се објавуваат на интернет страницата на Комората.

## 8.1. Измени и дополнувања на Статутот и актите на Комората

**Член 51**

(1) Изменувањето и дополнувањето на Статутот и другите општи акти се врши во постапка, како за нивно донесување утврдени со овој Статут.

**Член 52**

(1) Иницијатива за изменување или дополнување на Статутот може да даде Претседателот на Комората, најмалку 1/3 (една третина) делегати на Собранието на Комората или најмалку 3 (три) Одбори на Комората.
(2) Измените и дополнувањата ги изготвува повремена комисија и ги доставува до Извршниот одбор.
(3) Работниот текст на Статутот и неговите измени и дополнувања се објавуваат на интернет страница на Комората.
(4) Членовите на Комората во рок од 30 (триесет) дена од денот на објавувањето на работниот текст може да дадат свои предлози и забелешки кои ги доставуваат до Комисијата.
(5) По утврдувањето на предлог–текстот, Комисијата работниот материјал го доставува на разгледување до Извршниот одбор на Комората.

## 9. СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

**Член 53**

(1) Комората има Стручната служба која за потребите на Комората врши стручни, административно-технички, помошни и други работи во врска со:
1) спроведувањето на Статутот, одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесуваат Собранието и органите на Комората;
2) примената на законите и подзаконските акти што се однесуваат на работењето на Комората и остварувањето на нејзините цели и задачи;
3) спроведување на постапките за издавање, обновување, продолжување, одземање на лиценците за работа;
4) го води и ажурира Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци на доктори по медицина;
5) води писмена и електронска евиденција на сите доктори по медицина, членови на Комората;
6) стручно ги подготвува сите предлози на акти, информации и други материјали што треба да бидат предмет на расправа пред органите на Комората;
7) врши други работи во врска со работата на Комората.

**Член 54**

(1) Бројот на вработените во Стручната служба, описот на работните места, нивните задачи и условите се утврдува со Правилник за организација и систематизација на работните места и опис на работните задачи вработените во Комора, при што се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

## 9.1. Секретар на Комората

**Член 55**

(1) Работата на Стручната служба ја организира и ја раководи Секретар на Стручната служба на Комората (во натамошниот текст: Секретар на Комората).

(2) За Секретар на Комората може да биде избрано лице со завршено најмалку високо образование со 240 кредити согласно ЕКТС.

(3) Секретарот на Комората е во редовен работен однос во Комората и професионално ги врши работите од надлежност на Комората.

**Член 56**

(1) Секретарот на Комората ги врши следните работи:

1) му помага на Претседателот на Комората во извршувањето на работите и работните задачи;

2) учествува во подготвувањето и организирањето на седниците на Собранието и органите на Комората

3) се грижи за благовремено подготвување на материјалите што ќе се разгледуваат од Собранието и од неговите органи и одговорен е за нивното извршување;

4) се грижи за благовремено и редовно информирање на општинските одбори на лекари на Комората за одлуките на Комората;

5) ги следи законските прописи од областа на здравството и другите прописи поврзани со работењето на Комората;

6) врши и други работи во согласност со Статутот и другите акти на Комората.

(2) Секретарот за својата работа е одговорен пред Извршниот одбор, Претседателот на Комората, заменик Претседател на Комората и Потпретседателите на Комората.

## 10. ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

**Член 57**

(1) Комората се финансира од:

1) членарини;

2) средства по план/програма за вршење на надзор над стручната работа од буџетот на Министерството за здравство;

3) уписнини, надоместок за издавање и обновување на лиценца и надоместок за услуги што ги врши Комората;

4) приходи од акредитирани и организирани конгреси, семинари, симпозиуми, курсеви, предавања, советувања и сл.;

5) приходи од издавачка дејност;

6) прилози, подароци, донации и други извори.

(2) Комората има свој имот и приходи со кои располага самостојно, во согласност со законите, другите прописи, Статутот и другите акти на Комората.

**Член 58**

(1) Финансиското - материјалното работење Комората се врши врз основа на финансискиот план кој што го донесува Собранието на Комората.

(2) Финансискиот извештај се подготвува во согласност со сметководствените стандарди. Годишниот финансиски извештај се усвојува во законски предвидениот рок.

## 11. СОРАБОТКА НА КОМОРАТА СО ДРУГИ КОМОРИ, ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 59**

(1) Комората соработува со државните органи, институции, други комори и релевантни стручни здруженија и други организации и асоцијации за работи од

заеднички интерес, со лекарски комори на други држави и со други меѓудржавни организации и здруженија од областа на здравството.

**Член 60**

(1) Комората може да биде членка на меѓународни лекарски асоцијации.

(2) Соработката од став (1) на овој член се остварува со непосредни контакти, со размена на информации, публикации и други извори, со организирање на советување, јавни трибини, со деловно поврзување и со други форми.

## 12. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА КОМОРАТА

**Член 61**

(1) Комората обезбедува јавност во своето работење и навремено ги информира своите членови и јавноста за своите одлуки и за својата работа.

(2) Јавноста во работата ја обезбедува преку давање информации за својата работа, соработка со средствата за јавно информирање, со издавање на свое гласило, преку интернет страната и други форми.

**Член 62**

(1) Претседателот на Комората и од него овластени лица може да даваат податоци и информации во врска со работата на Комората и нејзините органи и се одговорни за нивната вистинитост и точност.

**Член 63**

(1) Со посебен акт на Комората се определуваат исправите и податоците што претставуваат тајна и чие соопштување на неовластено лице би било спротивно на интересите на членовите на Комората.

## 13. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 64**

(1) Актите на Комората ќе се донесат во рок од 6 (шест) месеци од денот на стапувањето во сила на овој Статут.

**Член 65**

(1) Започнатите постапки пред денот на влегување во сила на овој Статут ќе продолжат да се водат согласно одредбите од Статутот кој важел до денот на донесување на овој Статут.

(2) Претседателот на Комората, членовите на органите, телата, комисиите на Комората, продолжуваат да ја вршат својата функција се до истекот на нивниот мандат.

**Член 66**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија и објава во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.0201-4619/15
17.12.2019 година
Скопје

Претседател на
Лекарската комора на
Република Северна Македонија

Доц. д-р Калина Гривчева Старделова

**<u>Предлог - Одлука за организирање на одбори во Скопје</u>**

Скопје се организира во 5 (пет) територијални единици и тоа:

## Гази Баба -*се формира еден одбор во состав:*

ПЗУ Ре+Медика, Скопје
ПЗУ Диамед Македонија, Железара
СБ Катлановска Бања, Скопје
ЈЗУ Здравствена станица Железара – Скопје
ЈЗУ ЗД Скопје - Поликлиника Ченто
приватни здравствени установи од примарна здравствена заштита

## Карпош - *се формираат три одбори во состав*

**<u>1. Одбор</u>**
ПЗУ Жан Митрев - Скопје
ЈЗУ УИ Пет центар, Скопје
ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември, Скопје
ВМЦ - Скопје

**<u>2. Одбор</u>**
КБ СИСТИНА, СКОПЈЕ
ПЗУ Систина офталмологија, Скопје
СБ Санте Груп,Скопје
ПЗУ Диамед Македонија, Визбегово
ПЗУ СБ Диамед, Скопје
Европска клиника за очни болести, Скопје
ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" – Скопје
ЈЗУ Геронтолошки завод “13 Ноември”-Скопје
Завод за ментално здравје на деца и младинци - Младост, Скопје
ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Ѓорче Петров
ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Букурешт
Институт по Белодробни заболувања кај децата – Козле
ЈЗУ ЗД Скопје-Служба за спец. консултативна здравствена заштита

**<u>3.Одбор</u>**
ЈЗУ ЗД Скопје - Итна медицинска помош со домашно лекување
приватни здравствени установи од примарна здравствена заштита

## Кисела Вода - *се формира одбор во состав*

ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Јане Сандански
ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Драчево
приватни здравствени установи од примарна здравствена заштита

## Центар - *се формираат седум одбори во состав*

**<u>1.Одбор</u>**
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за Детска хирургија
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за КАРИЛ

ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за Ортопедија
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за Урологија
ЈЗУ Клинички центар - Ургентен хирушки центар, Скопје
ЈЗУ УК за Пластична и Реконструктивна хирургија, Скопје
ЈЗУ Универзитетска Клиника за Трауматологија-Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје
ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврохирургија-Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија- Скопје

**2.Одбор**

ЈЗУ Клиника за максилофацијална хирургија - Скопје
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за очни болести
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за уво,нос и грло
ЈЗУ УК за државна кардиохирургија, Скопје
ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство - Скопје

**3.Одбор**

ЈЗУ Клиника за кардиологија-Скопје
ЈЗУ Клиника за пулмологија и алергологија
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за Токсикологија
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за Хематологија
ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија,дијабетес и метаболички болести-Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија, Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија – Скопје

**4.Одбор**

ЈЗУ Клинички Центар - ИНС за Радиологија
ЈЗУ Клинички Центар - Клиника за Инфективни болести
ЈЗУ Универзитетска Клиника за дерматологија – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести- Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје

**5.Одбор**

ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ- Скопје
ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје
Институт за анатомија, Скопје
Институт за епидемиологија - Скопје
Институт за имунологија и хумана генетика - Скопје
Институт за јавно здравје, Скопје
Институт за медицинска биохемија - Скопје
Институт за микробиологија и паразитологија - Скопје
Институт за патолошка анатомија - Скопје
Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина - Скопје
Институт за предклиничка и клиничка фармакологија - Скопје
Институт за социјална медицина - Скопје

Институт за судска медицина и криминалистика - Скопје
Институт за физиологија со антропологија- Скопје
Институт за хистологија и ембриологија - Скопје
ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје
ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**6.Одбор**

ПЗУ Биотек лабораторија, Скопје
ПЗУ Зегин интермедика,Скопје
ПЗУ АКУС МЕДИКУС, Скопје
ПЗУ Александра Д-р Ваис, Скопје
ПЗУ Амедела лабораторија, Скопје
ПЗУ Ангеловски Скопје
ПЗУ Зегин, Скопје
ПЗУ Атик Кор,спец.орд.по интер.мед.со кардиологија,Скопје
ПЗУ Аудио БМ-Медикал, Скопје
ПЗУ Бимед,Скопје
ПЗУ Биопсија, Скопје
ПЗУ Василева Кардио, Скопје
ПЗУ Вивидерм, Скопје
ПЗУ Водно д-р Горица и д-р Биљана,Скопје
ПЗУ Гастро Топ, Скопје
ПЗУ Гинеа, Скопје
ПЗУ Гинека д-р Весна Блажевска, Скопје
ПЗУ Гинеко Билјана, Скопје
ПЗУ ГИНЕКО ФЛОРА, Скопје
ПЗУ Гинековита, Скопје
ПЗУ Гинекомедика,Скопје
ПЗУ Дентиција, Скопје
ПЗУ Дерма естетик, Скопје
ПЗУ Дерма Сана - Дермика, Скопје
ПЗУ Дермамедика, Скопје
ПЗУ Дермапраксис Д-р Старова, Скопје
ПЗУ Дијагноза Прима, Скопје
ПЗУ Дијагностика микролаб, Скопје
ПЗУ Дијагностички Центар, Скопје
ПЗУ Д-р Антов,Скопје
ПЗУ Д-р Анчевски, Скопје
ПЗУ Д-р Арсова, Скопје
ПЗУ Д-р Вероника Кокоромановска, Скопје
ПЗУ Д-р Весковска и д-р Ристовска,Скопје
ПЗУ Д-р Виолета и д-р Лорета,Скопје
ПЗУ Д-Р Виолета Христов-Вимедика, Скопје
ПЗУ Д-р Гордана Самоникова Митревска, Скопје
ПЗУ Д-р Даскалов, Скопје
ПЗУ Д-р Димитар Кацарски, Скопје
ПЗУ Д-р Жаклина,Скопје
ПЗУ Д-р Зоран Јанев, Скопје
ПЗУ Д-р Искра, Скопје
ПЗУ Д-р Јосимовска, Скопје
ПЗУ Д-р Калевска, Скопје
ПЗУ Д-р Камберова
ПЗУ Д-р Камчевски, Скопје
ПЗУ Д-р Ката Лазаревска, Скопје
ПЗУ Д-Р КЕКИЌ, Скопје

ПЗУ Д-р Кирил Атанасов, Скопје
ПЗУ Д-р Ложанкоски, Скопје
ПЗУ Д-р Маленкова & Д-р Лазарова, Скопје
ПЗУ Д-р Мано - Д-р Пуздерлиски, Скопје
ПЗУ Д-р Мила Проданова, Скопје
ПЗУ Д-р Наташа Симоновска-Д-рЛидија Велјаноска,Скопје
ПЗУ Д-р Павлов, Скопје
ПЗУ Д-р Пети-ем, Скопје
ПЗУ Д-р Радица С.Симоновска, Скопје
ПЗУ Д-р Ристовски, Скопје
ПЗУ Д-р Светлана , Скопје
ПЗУ Д-р Серафимовски, Скопје
ПЗУ Д-р Стамболиев, Скопје
ПЗУ Д-р Стаменковска Здравје, Скопје
ПЗУ Д-р Стојанова, Скопје
ПЗУ Д-р С-ФИЛ,Скопје
ПЗУ Д-р Тасе Цветановски, Скопје
ПЗУ Д-р Тина Темелковска
Пзу Д-р Топузовска&Д-р Митановска, Скопје
ПЗУ Д-р Туџарова - Д-р Караџинов, Скопје
Пзу Д-р Хаџиевска, Скопје
ПЗУ Д-р Христина, Скопје
ПЗУ Еквилибриум, Скопје
ПЗУ Е-Медикал, Скопје
ПЗУ Ендомед, Скопје
ПЗУ Еумедика плус,Скопје
ПЗУ Зегин Медика,Скопје
ПЗУ Ина, Скопје
ПЗУ Интергрин Дво,Скопје
ПЗУ Ихтус ремедиум,Скопје
ПЗУ Кор-медико, Скопје
ПЗУ Коруноски-МВР,Скопје
ПЗУ Кристела, Скопје
ПЗУ Леге - Артис Агнес, Скопје
ПЗУ ЛиЛ ПБМ Медика, Скопје
ПЗУ Лимине, Скопје
ПЗУ Лоди Гоговска, Скопје
ПЗУ Макмедика-Р, Скопје
ПЗУ Макмедикус , Скопје
ПЗУ Мама, Скопје
ПЗУ Д-р Радица Бојчева, Скопје
ПЗУ Евромедика , Скопје
ПЗУ Мастеса медика,Скопје
ПЗУ Меа Медика, Скопје
ПЗУ Меди Центар,Скопје
ПЗУ Медика Нова - физикална терапија, Скопје
ПЗУ Медикас, Скопје
ПЗУ Менада-Медикал - Скопје
ПЗУ Млин Балкан Медика,Скопје
ПЗУ Моја фармација
ПЗУ Мулти Медика, Скопје
ЈЗУ ЗД Скопје-Завод за здравствена заштита за мајки и деца
Завод за физикална медицина и рехабилитација, Скопје
ЈЗУ Студентска поликлиника - УКИМ, Скопје
ЈЗУ ЗД Железничар, Скопје
ЈЗУ Здравствен дом на Скопје

ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Бит Пазар
ЈЗУ ЗД Скопје - завод за спортска медицина
ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Идадија
ЈЗУ ЗД Скопје- ОЕ - Служба ПЗЗ - Поликлиника на МВР
ЈЗУ ЗД Скопје-Лекарски комисии
ЈЗУ ЗД Скопје-Служба за Примарна здравствена заштита
ЈЗУ ЗД Скопје - служба за заеднички работи
ЈЗУ ЗД Скопје-ОЕ-служба ПЗЗ Центар
ЈЗУ ЗД Скопје-Служба за спец. консултативна здравствена заштита

**<u>7.Одбор</u>**

ПЗУ Неуромедика, Скопје
ПЗУ Ники Медика, Скопје
ПЗУ Нина Медикал, Скопје
ПЗУ Ординација осумдесет и еден, Скопје
ПЗУ Ординација седумдесет и седум, Скопје
ПЗУ Ортомедика - Ани Пулмомедика, Скопје
ПЗУ Ортомедика, Скопје
ПЗУ Остео - Про, Скопје
ПЗУ Офталмомедика,Скопје
ПЗУ Панакеа Медика, Скопје
ПЗУ Пантелејмон,Скопје
ПЗУ Пашоски, Скопје
ПЗУ Поликлиника д-р Ружа, Скопје
ПЗУ Прим. д-р Благоја Стојановски, Скопје
ПЗУ Примамедика, Скопје
ПЗУ Промедика Медикал Центар,Скопје
ПЗУ Промедика Прима, Скопје
ПЗУ Психеа, Скопје
ПЗУ Рефена Практика, Скопје
ПЗУ Санитас Медика, Скопје
ПЗУ Света Петка,Скопје
ПЗУ Серафимоски,Скопје
ПЗУ Скин Солушен , Скопје
ПЗУ Среќно дете,Скопје
ПЗУ Тиреодијагностика,Скопје
ПЗУ Толовски,Скопје
ПЗУ Физијатрика,Скопје
ПЗУ Хемолаб, Скопје
ПЗУ Хигиа гинекологија, Скопје
ПЗУ Хистера, Скопје
ПЗУ Хистолаб, Скопје
ПЗУ Центар за гастроентерохепатологија Гастротоп, Скопје
ПЗУ Поликлиника за очни болести Офталмос, Скопје
ПЗУ Капештец, Скопје
ЈЗУ-Универзитетска Клиника по Хируршки Болести „Св.Наум Охридски-Скопје

**<u>Чаир - </u>** *се формира одбор во состав*

ЈЗУ Специјална Болница по Гинекологија и Акушерство Мајка Тереза - Чаир
ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РМ - Скопје

ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје
ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Чаир
ЈЗУ ЗД Скопје-Поликлиника Шуто Оризари
приватни здравствени установи од примарна здравствена заштита